**Прилог број 3**

**Одговор**

**на Забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор**

Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 03.03.2015 година достави Забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на успешност - Ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија, број 0201 - 317/3 од 02.03.2015 година и исправка број 0201/317/4 од 03.03.2015 година, заведени во Државниот завод за ревизија, под број 13-202/3 и 13/202/4.

Овластениот државен ревизор ги разгледа Забелешките, на Нацрт извештајот и по истите се произнесе како што следува:

1. Забелешките на препораката дадена во Нацрт извештајот, која се однесува за изготвување на Стратегија за управување со ризици и ИТ стратегија за развој, **се прифаќаат**, бидејќи по завршување на ревизијата донесени се Стратегија за управување со ризици, ИТ стратегија за развој и решенија за назначување на лице кое ќе известува за неправилности и сомнежи и лице - координатор за ризици. Преземените активности соодветно се обелоденети во Конечниот извештај, а дадената препорака во точка 1 соодветно е прилагодена.

2. Забелешките за постапување по препораката, која се однесува на квалитетно организирање и вршење на пописот на средствата и изворите на средства согласно законските прописи, **не се прифаќаат**, од причина што преземените активности за пописот со состојба на 31.12.2014 година, ќе бидат предмет на наредна ревизија. Согласно наведеното, препораката во точка 3 ќе остане во текстот на Конечниот извештај.